# ЗАПИСНИК

од 26-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 24 март, 2025 г.

**Присутни**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**Дискусија**:

Управниот одбор го усвои и расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Дискусија во однос на мерките и активностите поврзани со трагичниот настан во општина Кочани.
2. Разно

**ПРВА ТОЧКА**: Дискусија во однос на мерките и активностите поврзани со трагичниот настан во општина Кочани.

Членовите на Управниот одбор отворија дискусија во однос на координирање на активностите што единиците на локална самоуправа ги преземаат во врска со вонредните инспекциски контроли во објектите од јавен карактер што се во нивна надлежност (училишта, градинки, спортски сали, културни институции итн.) за утврдување на сигурноста и заштитата од пожари и други непогоди. На сеницата беше заклучено дека е потребно секоја општина која располага со одредени инспекциски капацитети да ги стави на располагање на другите општини, по пат на меѓу-општинска соработка, таму каде има потреба за да може секоја општина темелно да ги провери сите објекти на својата територија.

Присутните истакнаа дека и во изминатиот период, општините вршеле вакви контроли како редовен надзор спроведуван од службите, но дека вонредниот надзор произлегува како реакција на неодамнешната трагедија во Кочани, кога од пожарот во кабаре, животот го загубија 59 претежно млади лица, а приближно 200 лица се повредени. Членовите на Управниот одбор на почетокот на седницата изразија сочувство за загинатите, а на повредните им посакаа што поскоро закрепнување.

Членовите на управниот одбор констатираа дека од досега спроведените вонредни контроли утврдено е дека во повеќе од 90% од истите нема отстапувања, а најголем предизвик е утврден во

делот на урбаната опрема на угостителските објекти. Во таа насока беше донесен заклучок за формирање на тим од инспектори и претставници од општинска администрација од областа на урбанизмот, кој треба да утврди соодветни решенија за надминување на предизвикот. Беа изнесени предлозида се утврди унифицирана Програма за поставување урбана опрема, што би се применувала во сите општини или пак, да се иницира донесување на законски одредби онаму каде се утврдени состојби за кои нема законски основ, а чија примена произлегла како позитивна пракса. Во таа насока беше усогласено дека е потребно да се овозможи на правните субјекти да во определен едномесечен период за отстранување на утврдените недостатоци, по што општините би започнале со преземање на конкретни активности. Беше договорено ЗЕЛС да ја преземе координацијата со ова тело кое треба да се состане што поскоро, а донесените предлози потоа да бидат разгледани на следната седница на Управен одбор на ЗЕЛС, која беше најавена за следната недела.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок да им се препорача на општините да ги откажат јавните настани од културно-забавен карактер што се планирани од установите во надлежност на општините, односно овие активности да се пренасочат во акции на засадување на дрвца, во чест на трагично загинатите во пожарот.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе ЗАКЛУЧОК со кој им препорачува на инспекциските служби да вршат засилена контрола заради почитување на пропишаните стандарди на безбедност во колективни – станбени објекти, а особено во делот на заштита и спасување (како што се: хидранти, ПП апарати, помошни скали, лифт, фасада итн.), како што е уредено со Закон за домување и Правилникот за норми и стандарди за домување во станбени згради, но и останатите прописи. Управниот одбор упати повик и до Регулаторна комисија за домување и Дирекцијата за заштита и спасување, да се усогласат со активностите кои се преземаат од страна на општините со насоки и упатства од нивна страна заради поголема ефикасност.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор формираше работна група во која ги поканува општините Центар, Куманово, Тетово, Битола, Кисела Вода, Чаир, Охрид, Ѓорче Петров, Крива Паланка, Штип, Велес, Гостивар и претставници на Министерството за транспорт (од секторот за управување со градежно земјиште и секторот за управно надзорни работи) која има за задача да изготви Предлог – Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општината, заради обезбедување на единствено и унифицирано постапување на сите општини, како и да ги утврди сите одредби кои е потребно да се изменат заради подобрување на условите на работа поврзани со заштитата и спасувањето во рамките на надлежностите на локалната самоуправа.

**ТОЧКА РАЗНО:**

Под точката разно, немаше дискусија.

**Скопје, 24 март, 2025 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**